Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 67/0306
01.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.02.2024 година, врз основа на примена жалба од КВИР Центар ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА Е ДЕЛУМНО ОСНОВАНА

Жалбата е делумно основана. Текстот објавен на порталот Спорт 1 на 07.02.2024 со наслов „Толку му беше со настапите на турнирите. Првиот отворено деклариран геј тенисер доби – драконска казна!“, не отстапува од професионалните и етичките стандарди, но не се почитувани Насоките на СЕММ за етичко известување на онлајн медиуми.

## ЖАЛБА

Здружението Квир Центар се жали на текст објавен на порталот и на фејсбук страницата на порталот кој пренесува вест за тенисер кој се занимава со професионален тенис, при што наведува дека порталот на 07.02.2024 информирал сензационалистички и дискриминаторски. Имено, проблем за здружението е што порталот објавил фотографија од тенисерот кој се декларирал дека е геј, како се бакнува со друг маж. Во жалбата се наведува:

„Очигледно дека Интернет порталот сакал само сензација, а тоа се гледа по насловот и фотографијата, а со тоа гледаноста и читаноста да се зголеми, без оглед што, иако станува збор за текст кој во себе има неочекувана вест, детали за француски тенисер, Фабиен Ребул, која што Меѓународната агенција за тениски интегритет (ITIA) потврди дека е суспендиран поради местење натпревари, а исто така ќе мора да плати 5.000 долари за одбивање да соработува за време на истрагата. По ова станува јасно дека повеќе нема да игра тенис на професионално ниво. Имено, иако станува збор за деталите како во текстот на медиумот, кој го опишавме погоре, читателите очигледно не го прочитале текстот ами одма лекомислено влегле да коментираат со јазикот на омразата врз понудената фотографија, но и насловот кој што го понудил порталот“.

Во жалбата се наведува во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: Неточно и нефер известување, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Воедно, жалителот укажува дека во содржината на објавените коментари за оспорената објава, се со елементи на говор на омраза, ксенофобија, дискриминација, навреди итн, врз основа на сексуална ориентација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговор од медиумот не е добиен во СЕММ до крајниот рок до кога пропишува Правилникот за работа на Комисијата за жалби на СЕММ.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Текстот објавен на порталот Спорт 1 на 07.02.2024 со наслов „Толку му беше со настапите на турнирите. Првиот отворено деклариран геј тенисер доби – драконска казна!“, не отстапува од професионалните и етичките стандарди, односно не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија, но не се почитувани Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, во членовите 10 и 20 и соодветните ставови, кои што наложуваат дека медиумот е одговорен и за коментарите на читателите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа спорниот текст кој е обжален и констатираше дека станува збор за вест. Веста е објавена на порталот и на ФБ со наслов „Првиот отворено деклариран геј тенисер доби – драконска казна!“, е коректно направена и наведени се само факти. Станува збор за агенциска вест во која се зборува дека тенисерот добил забрана за играње професионален тенис поради измама со местење натпревари. Порталот со наднасловот и фотографијата, иако може да делува дека ја третира веста сензационалистички, сепак не прекршил ниту еден член од Кодексот затоа што секаде станува збор за факти. Впрочем и самиот жалител наведува во жалбата дефиниција за сензационалистичка вест: Дефиницијата на сензационализмот, особено во новинарството, според речникот на Оксфорд гласи: "употреба на возбудливи или шокантни приказни или јазик на сметка на точноста, за да се предизвика интерес на јавноста или возбуда“. Комисијата констатираше дека во дадениот случај ништо не отстапува од фактите, т.е. дека порталот употребил вообичаени уреднички интервенции кои не ги прекршуваат професионалните и етичките стандарди, односно нема прекршување на Кодесот.
Што се однесува до Фејсбук сметката на порталот каде што навистина има навредливи и коментари со говор на омраза, тука медиумот направил прекршок и не ги испопочитувал членот 10 и членот 20 и ставовите од тие членови во кои се наведува дека медиумот е одговорен за содржината на коментарите, и истите требало да ги отстрани, т.е. избрише од својата сметак на Фејсбук.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Спорт1“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595